26059

ČLAN MEĐUNARODNE ORGANIZACIJE — FIBEP
pres-kliping • press-clipping
(Osnovano 1952. godine)
JUGOSLOVENSKA NOVINSKA
AGENCIJA DOKUMENTACIJE
NOVINSKO IZDAVAČKO PREDUZEĆE
PRESS PUBLISHING ENTERPRISE
Beograd — Knez Mihajlova 2/IX — Pošt. fah — P. O. Box 95,
Tel. 621-578 — žiro račun — Current Account: 60801-603-15330

Isečak iz lista
Newspaper cutting
НОВА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
-8. 11. 1980 11868,10,

ИЗЛОЖБИ

# Одново за местото на спомените

● ВО ЦЕНТАРОТ ЗА КУЛТУРА И ИНФОРМАЦИИ ВО ТЕК Е ВТОРАТА САМОСТОЈНА ИЗЛОЖБА НА МЛАДИОТ ЛИКОВЕН УМЕТНИК РУБЕНС КОРУБИН

ТРИЕСЕТГОДИШНИОТ РУБЕНС Корубин прексинока во Изложбениот салон на Центарот за култура и информации се претстави со втора самостојна изложба. Првата негова изложба на цртежи и гвашеви беше отворена неодамна, а на оваа, тој е застапен со дваесетина слики.

Имајќи ги пред себе неговите платна, а во свежо сеќавање ни се и цртежите што ги видовме пред два месеца, уште веднаш паѓа в очи сличноста на проблемот што овој уметник го решава и сега: местото на спомените во животот на човекот. Делата на Корубин, работени последните пет години, изобилуваат со детали земени од имагинарните но и не



**Рубенс Корубин: Средба, 1978, масло на платно**

избришливи времиња на детството. Пријатната, придушена и барокна атмосфера од неговите платна со ситуации, појави, предмети и личности што само се насетуваат, и овојпат прават посматрачот да ги почувствува како дел од својата сопствена потсвест.

Да потсетиме: Факултетот за ликовни уметности и постдипломските студии во Белград во класата на Младен Србиновиќ, Корубин ги заврши пред четири години. Студискиот престој во Париз тој го проведе од 1977 до 79 година, кај професорот Јанкел. За тоа време, во Франција тој учествуваше на четири групни изложби.